РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-4898/1
22.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 50 и член 50-а од истиот Закон, согласно член 15 став 1 алинеја 7 и член 39 став 1 алинеја 11 Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-4118/3 од 09.10.2024 г., се изготви пречистен текст на Правилникот за заштита на малолетните лица.

Пречистениот текст на Правилникот за заштита на малолетните лица, ги опфаќа: Правилникот за заштита на малолетните лица арх.бр.01-5777/1 од 21.11.2014 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица арх.бр.01-4198/1 од 09.10.2024 година.

# ПРАВИЛНИК ЗА ЗАШТИТА НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА
**(Пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет на Правилникот**

Сите даватели на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно радиодифузери и даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање - и физички лица (инфлуенсери/влогери/креатори) и правни лица, имаат обврска да ги заштитат малолетните лица од содржини – програми/видеа создадени од корисници/аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации, што можат сериозно да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој, особено од содржини со порнографија[2], детска

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

[2] Порнографија за потребите на Правилникот за заштита на малолетните лица, се целини или делови од аудиовизуелен материјал прикажан со основна намера и функција да задоволи сексуална страст, преку описи, сцени и/или глетки на сексуализирана голотија, сексуални односи, мастурбација и/или на сексуална стимулација, кои не претставуваат неизоставен естетски, хуманистички или информативен елемент од контекст на уметнички обработена или на новинарски анализирана тема.

порнографија[3] или прекумерно насилство[4]. Содржините со порнографија и прекумерно насилство може да се емитуваат/пренесуваат само во кодирана форма, а содржините со детска порнографија се целосно забранети.

Другите содржини – програми/видеа создадени од корисници што би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот и/или на моралниот развој на малолетните лица мора да бидат соодветно означени. Дополнително, радиодифузерите мора и да ги емитуваат во соодветни временски периоди од денонoќието.

Со овој Правилник се определуваат начинот на категоризација на содржините, периодите на емитување на аудиовизуелните програми, облиците на акустично и визуелно предупредување, визуелните знаци, техничките мерки што треба да ги преземат давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање за заштита на малолетните лица, како и начинот на постапување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги.

Член 2

**Поимник**

Одделни изрази употребени во овој Правилник го имаат следново значење:

- **Малолетни лица** се лицата на возраст под 18 години;
- **Други содржини – програми/видеа создадени од корисници/комерцијални комуникации што би можеле да им наштетат на малолетните лица** се аудиовизуелните целини или нивни составни делови што прикажуваат различен обем и интензитет на насилство, еротика, сексуално однесување забрането со закон, непристојни изрази и гестови, ризично поведение лесно за имитација, штетно за здравјето и опасно за безбедноста на единката и на заедницата, како и поведение навредливо за човековото достоинство, содржини и комерцијални комуникации за посебни игри на среќа и др.;
- **Видео создадено од корисник** е целина од подвижни слики со или без звук, без оглед на времетраењето, што претставува посебен елемент, создадено е од корисник и поставено на платформа за споделување видеа од тој или од друг корисник;
- **Насилство** е секое прикажување агресивно психофизичко поведение, закана или остварена намера, со или без оружје, да се застраши, да се понижи и/или да се (само) повреди единка, група или заедница. Притоа, може да станува збор за прикажување на веќе извршено насилство или на намера за извршување насилство, без оглед дали тоа насилство може или не може да предизвика повреда. Поимот вклучува и какво било прикажување последици од физички повреди на некое живо суштество (или група живи суштества), иако чинот на насилство не е прикажан;

---

[3] Под детска порнографија се подразбира: „порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни полови дејствија со малолетник или повозрасно лице кое изгледа како малолетник, или го прикажуваат малолетникот или повозрасното лице кое изгледа како малолетник во очигледна сексуална положба, или реални слики кои прикажуваат очигледни полови дејствија со малолетник или го прикажуваат малолетникот или повозрасното лице кое изгледа како малолетник во очигледна сексуална положба“ (член 122 точка 24 од Кривичниот законик).

[4] „Прекумерно насилство претставува ширење текстуални, вербални и визуелни пораки со кои, во термини од програмата што им се достапни на малолетниците, се глорифицираат физички, вербални или психолошки облици на садизам или слични видови насилство, кое е цел самото за себе, и на ниту еден начин не може да се оправда ниту преку контекстот на жанрот ниту преку мотивите на драмското дејство на прикажаната програма“ (член 50 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

- **Еротика** е прикажување описи, сцени и/или глетки на сексуализирана голотија, без разлика на жанрот и на програмската функција на аудиовизуелниот материјал;
- **Временски периоди** се точно определени термини од радиодифузниот програмски сервис планиран за едно денонокие, одредени за прикажување аудиовизуелен материјал категоризиран според возрасните групи на очекуваната публика;
- **Програмски контекст** ги опфаќа: жанрот на програмата; програмската функција (информативна, образовна или забавна); примарната целна група во потенцијалната публика; форматот на програмскиот сервис; временскиот период од програмата и редоследот на програмите во програмската шема за телевизиските програмски сервиси; распоред на програмите во каталогот според категоријата за давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; степенот на штета што може да ја предизвика некоја програмска содржина; очекуваниот број и состав на потенцијалната публика и веројатните очекувања на публиката; степенот до кој се изнесуваат детали за содржината за која се информира потенцијалната публика; дополнителните ефекти што содржината може да ги предизвика кај гледачите, како и можноста да се изостават вознемирувачки детали со насилство и со еротика содржани во аудиовизуелен материјал планиран за прикажување при известување за теми важни за јавноста. Применливите аспекти од програмскиот контекст треба да се земат предвид и при организирање на видеата создадени од корисници.

Член 2-а
**Заштита на личните податоци на малолетните лица**

Личните податоци на малолетните лица собрани или на друг начин генерирани или стекнати од страна на давателите на медиумски услуги, при примената на мерките од овој Правилник не смеат да се обработуваат за комерцијални цели, како што се директен маркетинг, профилирање и анализа или бихејвиорално рекламирање.

## II. ДРУГИ СОДРЖИНИ ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА ИМ НАШТЕТАТ НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА

Член 3
**Насилство**

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни да водат сметка дека зачестеното и континуирано прикажување насилство може да има кумулативен негативен ефект врз малолетните лица, што може да се изрази преку намалување на степенот на сензитивност кон насилството и преку развивање став дека насилството може да претставува прифатлив начин за решавање на проблемите.

Стравот предизвикан од описи, од сцени и/или од глетки на насилство може силно да ги вознемири малолетните лица. Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги мора секогаш најодговорно да ја осмислуваат рамнотежата помеѓу – правото на јавноста да биде навремено и прецизно информирана, и – потребата од заштита на малолетниците.

Сцени со вербално или физичко насилство или со друго опасно однесување кое лесно може да се имитира од малолетните лица и кое може да биде штетно или опасно за

нив, не смеат да се прикажуваат во содржини што се првенствено наменети за малолетни лица.

Член 4
**Употреба на дрога, психоактивни супстанци, цигари и алкохол**

Употребата на дрога, психоактивни супстанци, цигари, електронски цигари и средства за нивно дополнување, како и алкохол, не смее да се прикажува во аудиовизуелните содржини кои се првенствено наменети за малолетни лица.

Во аудиовизуелните содржини кои не се наменети за малолетни лица пак, не смее да се поддржува, поттикнува, охрабрува или велича употребата на дрога, психоактивни супстанци, цигари, електронски цигари и средства за нивно дополнување, како и алкохол, освен ако тоа не е оправдано преку контекстот на жанрот или преку мотивите на драмското дејствие во игранатa програма.

Член 5
**Еротика**

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни да водат сметка дека, иако во аудиовизуелните содржини до извесна граница е дозволено да се прикажува еротика, ваквите содржини, сепак можат да им нанесат штета на малолетните лица. Затоа категоризацијата на содржините со еротика мора да ја прават во согласност со описите на категориите програми утврдени во Правилникот.

Кога прилозите во вести и во информативни програми вклучуваат описи, сцени и/или глетки што содржат еротика, оценката за соодветноста на периодот на нивното прикажување на телевизиските програмски сервиси, треба да се темели врз степенот на експлицитност на прикажаните детали.

Член 6
**Сексуално однесување забрането со закон**

Медиумската обработка на теми во врска со педофилијата, сексуална злоупотреба на малолетници и други облици законски забрането сексуално однесување, може да се оправда само заради правото на јавноста да биде информирана и заради нивно пошироко општествено проблематизирање.

Медиумскиот третман на теми поврзани со педофилијата и на други облици законски забрането сексуално однесување, во вестите, информативните, документарните или други програми, не смее да вклучува каква било сугестија или поттикнување социјално непожелен став.

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни, при категоризацијата на програмите, да водат сметка за тоа дека, описите, сцените и/или глетките на силување и последици од силување може да имаат особено штетни последици врз малолетните лица.

Планирањето на термините од страна на телевизиските радиодифузери за емитување програми чие сценарио третира сексуална злоупотреба на малолетни лица, мора да се темели врз фактот дека малолетните лица може да бидат вознемирени како последица од очекуваната идентификација со прикажаната жртва на насилничкиот чин.

Кога прилозите во вести и во информативни програми вклучуваат описи, сцени и/или глетки што содржат сексуално однесување забрането со закон, оценката за соодветноста на периодот на нивното прикажување треба да се темели врз степенот на експлицитност на прикажаните детали.

Член 7
**Непристојни изрази и гестови**

Употребата на непристојни изрази и гестови е прифатлива во одредени видови забавна програма, во играната програма како естетски елемент или во образовни и документарни програми што ја тематизираат уметничката примена на непристојниот (вулгарен) говор и неговите општествено мотивирани аспекти.

Во програмите кои се наменети за целото семејство, што се емитуваат на телевизиските програмски сервиси во периодот до 20:00 часот не е дозволена прекумерна употреба на непристојни изрази и гестови.

Член 8
**Сугестибилни облици на однесување опасни за здравјето и безбедноста**

Поради заштита на малолетниците, прикажувањето содржини – програми/видеа создадени од корисници/комерцијални комуникации со описи, сцени и/или глетки со однесување опасно за здравјето и безбедноста, кое лесно може да се имитира, мора секогаш да биде оправдано во соодветниот контекст.

Член 9
**Прикажување практики на окултизам и надрилекарство**

Содржините што прикажуваат практики на окултизам (каков било вид јасновидство – хиромантија, гатање, тарот, астрологија, спиритизам и слично) и на надрилекарство, мора да бидат означени како програма од петта категорија што не се препорачува за публика под 18 години, а радиодифузерите можат да ги емитуваат исклучиво во периодот од 00:00 до 05:00 часот.

Окултизмот и надрилекарството може да се прикажуваат исклучиво во недвојбен програмски контекст како забавна, информативна и/или образовна, хуманистички анализирана тема, а не смеат низ каков било вид интеракција да советуваат и/или да сугерираат промени на личното и/или на колективното поведение и на околностите на живеењето, кои се однесуваат на здравјето, финансиите, работата или на меѓучовечките односи.

Ограничувањето на периодот за емитување не се однесува на куси содржини со дневен хороскоп, класифицирани како - програма со забавна функција.

Член 10
**Прикажување постапки за хипнотизирање**

Забрането е прикажување аудиовизуелен материјал што, било како целина, било во некои свои делови, специјализирано посредува детални постапки за хипнотизирање.

Хипнозата може да се прикажува исклучиво контекстуализирана како забавна, информативна и/или образовна, хуманистички анализирана тема.

Телевизиските програмски сервиси се должни пред почетокот и по паузите за

рекламирање во ваквите програми, на екранот, а давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање на соодветно место во каталогот, да објават предупредување дека програмата содржи постапки за хипнотизирање.

Член 10-а
**Содржини со совети за посебни игри на среќа**

Специјализираните информативни емисии и спортски магазини, како и видеата создадени од корисници, со совети за посебни игри на среќа (игри на среќа во казино, игри на среќа во обложувалница, игри на среќа во автомат клуб)[5] како целини или делови од аудиовизуелни целини со информативна и/или со забавна медиумска функција што на публиката директно ѝ сугерираат можности за влог во посебните игри на среќа со финансиски ризик, радиодифузерите може да ги емитуваат исклучиво во периодот од 00:00 до 05:00 часот, соодветно означени со предупредувачката сигнализација за програма од петтата категорија.

Означувањето со предупредувачка сигнализација за програма од петтата категорија е задолжително и за овој вид програмска понуда кај давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

Член 10-б
**Комерцијални комуникации за посебни игри на среќа**

Аудиовизуелните комерцијални комуникации за посебни игри на среќа треба јасно и видливо да се означат со предупредувачка сигнализација за петтата категорија програма, но можат да се прикажуваат во текот на целото програмско денонокие на радиодифузерите, освен во емисиите со информативна, забавна и со образовна програмска функција примарно наменети за деца.

Означувањето со предупредувачка сигнализација за програма од петтата категорија е задолжително и за аудиовизуелните комерцијални комуникации за посебни игри на среќа кај давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

Член 10-в
**Формат на „реалистична“ програма[6]**

Бидејќи прикажува сиров аудиовизуелен материјал со минимална или со вешто прикриена уредничка интервенција, кој во одредени случаи е и хибрид од документирано и режирано, со примарен мотив да регистрира ситуации во кои поведението на случајни или на селектирани учесници е непредвидливо, содржините кои припаѓаат на форматот „реалистична“ програма мора внимателно да се категоризираат во согласност со програмскиот контекст, со критериумите за класификација и со описите на категориите програми, особено ако се составени од описи, сцени и/или од глетки што прикажуваат насилство и еротика.

---

[5] Според Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.251/22),

[6] Детално опишан во точката 16.11. од „Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми“.

## Член 11
## Фотосензитивна епилепсија

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни да ги преземат сите неопходни мерки да ги заштитат гледачите кои боледуваат од фотосензитивна епилепсија.

Телевизиските програмски сервиси се должни пред почетокот и по паузите за рекламирање во ваквите програми, на екранот, а давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање на соодветно место во каталогот, да објават предупредување дека во програмата има треперечка светлина.

## Член 12
## Симулирани вести

Симулираните вести кои се дел од некоја забавна, играна, документарна или друга програма или пак, се објави на давателот на аудиовизуелни медиумски услуги за неговите програми, не смеат да се прикажуваат на таков начин што ќе ги наведе гледачите да мислат дека она што го гледаат и слушаат се всушност вести или информации за нешто што реално се случило.

# III. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ И ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОДИ

## Член 13
## Програми што подлежат на категоризација

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни да ја категоризираат вкупната програма што се емитува на телевизиските програмски сервиси или се нуди во каталогот на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, со исклучок на вестите и информативните програми.

## Член 14
## Критериуми за категоризација на програмите

Уредникот, врз основа на својата етичка свест и уредничка одговорност, треба мошне внимателно да процени дали во конкретниот програмски контекст е нужно емитувањето содржини потенцијално штетни за малолетните лица.

При прегледувањето на содржината и при категоризацијата на програмите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да ги земаат предвид следниве критериуми:

- бројот (зачестеноста) и природата на описите, сцените и/или глетките со насилство, еротика, сексуално однесување забрането со закон, непристоен (вулгарен) говор, сугестибилни облици на однесување лесни за имитација, а опасни за здравјето и безбедноста, поведение навредливо за човековото достоинство и сл.;
- сликовитоста и детализираноста со кои се креира очигледна бруталност и/или вулгарност на описите, на сцените и/или на глетките;
- проценката дали описите, сцените и/или глетките на насилство, еротика, сексуално однесување забрането со закон, непристоен (вулгарен) говор, сугестибилни облици на однесување лесни за имитација, а опасни за здравјето и безбедноста, и поведение навредливо за човековото достоинство, претставуваат комплементарни

елементи во драмски заплет, или пак во контекст на образовна, документарна и/или информативна програма;

- дали насилството се сугерира како начин за разрешување конфликти;
- зачестеноста и времетраењето на крупни планови и/или на детални вербални, графички и/или текстуални описи, сцени и/или глетки на бруталност и на вулгарност;
- придружните естетски ефекти: музика, маски, шминка и други графички, сценографски и/или костимографски елементи кои можат да предизвикаат вознемиреност или да го засилат чувството на страв и на понижување на човечкото достоинство;
- психологијата зад карактерите, и проблематичноста на контроверзните заклучоци од екстровертните и од интровертните аспекти на ликовите и нивните мотиви за насилно однесување, кои можат сугестивно да делуваат врз малолетните лица;
- описите, сцените и/или глетките на малолетници втурнати во брутални и/или во вулгарни ситуации;
- режисерскиот и сценаристичкиот третман на насилството и на еротиката: глорификација или неутрализација, конструирани преку описи и преку развој на цели сцени и/или глетки на бруталност и на вулгарност;
- режисерскиот и сценаристичкиот пристап спрема контроверзни теми: поттикнување расна, верска, етничка, родова или нетрпеливост врз која било друга основа, наркоманија, самоубиство, инцест, педофилија, силување, крвни деликти, и слични облици на закани и/или на последици од психо-физичка тортура.
-

Член 15

**Категории програми**

Програмите кои подлежат на категоризација се класифицираат во следните пет категории:

- Прва категорија - програми наменети за целата публика;
- Втора категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 8 години, за чие следење се препорачува надзор од родител или старател;
- Трета категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател;
- Четврта категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 16 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател;
- Петта категорија - програми што не се соодветни за публика под 18 години.

Член 16

**Временски периоди за категориите програми**

Во зависност од очекуваниот состав на публиката, категориите програми можат да се емитуваат во следните временски периоди:

- Првата и втората категорија програми се емитуваат во текот на целото деноноќие;
- Третата категорија се емитува во периодот од 20:00 до 05:00 часот;
- Четвртата категорија се емитува во периодот од 22:00 до 05:00 часот;
- Петтата категорија се емитува во периодот од 00:00 до 05:00 часот.

Член 17

**Описи на категориите програми**

Категориите аудиовизуелни програми утврдени во член 15 од овој Правилник се определуваат според следниве описи:

(1) **Прва категорија - програми наменети за целата публика.** Програми кои може да се емитуваат во текот на целото деноноќие и кои може да ги следи и најшироката публика вклучувајќи ги и децата од претшколска возраст. Употребата на непристоен (вулгарен) говор треба да биде сведена на најмало можно ниво. Прикажувањето голо човечко тело е дозволено исклучиво во неутрална природна појавност, надвор од каков било еротски контекст. Не е препорачливо прикажување вистинско оружје. Упатно е описите, сцените и/или глетките со чинови на насилство да се ограничат исклучиво на ненагласени закани без каков било израз на вербална и/или на психо-физичка суровост во меѓучовечките односи. Забрането е прикажување наркоманија, алкохолизам и слични видови девијантно однесување. Сцените на страв треба да бидат осмислени сообразно со возраста на најмладите гледачи.

(2) **Втора категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 8 години, за чие следење се препорачува надзор од родител или старател.** Може да се емитуваат во текот на целото деноноќие, со препорака да се гледаат со надзор од родител или старател. Можен е опфат на посериозни теми: девијантно однесување, семејно насилство, расизам и слично, меѓутоа програмите во ниту еден случај не смеат да поттикнуваат, ниту пак во себе да вклучуваат каква било афирмација на девијантно однесување или на поведение навредливо за човековото достоинство. Не е дозволена пренагласена употреба на непристоен (вулгарен) говор. Неутрална, природна појавност на голо човечко тело е дозволена, меѓутоа без каков било вулгарен сексуален контекст. Описите, сцените и/или глетките со еротика мора да бидат исклучително ретки и сосем ненагласени, дискретни и без вулгарни алузии. Дозволено е умерено прикажување насилство, но, без детали на суровост, оправдано во заплетот на сценариото, без да се нагласува присуството на вистинско оружје или на опасни техники за меѓучовечка пресметка.

(3) **Трета категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател.** Програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психо-физичко насилство, кои можат да ги растревожат малолетните лица. Обработката сериозни теми е прифатлива, но треба да биде соодветна за пропишаната возраст на публиката. Дозволена е употреба непристоен говор, вулгарности и бруталности, меѓутоа мора да биде сведена на разумна мерка и да биде оправдана со нужната функција во драмскиот или во информативно-документарниот контекст на програмата. Описите, сцените и/или глетките со насилство и со еротика, и евентуалната заемна врска меѓу овие два фактора во развојот на наративот, не треба да ги нагласуваат физичките повреди и/или психо-физичките последици од повреди, ниту пак да се фокусираат на непристојни физички детали. Не треба да им се придава претерана важност на оружје и на техники за меѓучовечка пресметка лесни за имитација, со опасен потенцијал сугестивно да делуваат врз психолошки помалку стабилните и врз емоционално ранливите делови од публиката.

Прикажувањето наркоманија е дозволено меѓутоа без детална разработка на фазите од чинот на карактеризација на ликовите, и комплементарно во целината на различните видови играна, образовна, информативна и/или документарна програма. Најавите за ваквите програми не смеат да бидат составени од описи, сцени и/или глетки што можат да ги вознемират малолетните лица.

(4) **Четврта категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 16 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател.** Програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психо-физичко насилство, кои можат да ги растревожат малолетните лица. Нема ограничувања на темите. Дозволена е честа употреба непристоен говор, меѓутоа тешко е прифатлива претерана употреба екстремно вулгарни изрази. Прикажувањето еротика и сексуални односи е дозволено, меѓутоа без експлицитни, порнографски детали. Неопходен е внимателно осмислен контекст за вербални и гестуални изрази кои имаат силна сексуална алузија и можат да го навредат човековото достоинство. Прикажувањето наркоманија е дозволено само без детална разработка на фазите од чинот на (зло)употреба на дрога, врамнотежено со укажувањето на последиците, и во функција на карактеризација на ликовите, комплементарно во целината на различните видови играна, образовна, информативна и/или документарна програма. Прифатливи се описи, сцени и/или глетки на насилство и последици на насилство, меѓутоа не и прикази на садизам, или каков било друг израз на нечовечност и на изживување врз луѓе и врз животни. Најавите за ваквите програми не смеат да бидат составени од описи, сцени и/или глетки што можат да ги вознемират малолетните лица.

(5) **Петта категорија - програми што не се соодветни за публика под 18 години.** Се толерираат описите, сцените и/или глетките на насилство и последици од насилство, како и приказите на еротски односи. Се почитува автономното право и самосвеста на полнолетната личност да одлучува при избирањето вид и категорија програма што сака да ја проследи. Емитувањето порнографија и садизам е забрането и во ниту еден случај не треба да се доведува во врска со оваа категорија програми. Во оваа категорија програми нема ограничувања во врска со темите, а единствените ограничувања се во врска со начинот на нивната обработка.

Член 18

**Распоредување на програмите што можат да им наштетат на малолетните лица во програмската шема**

При планирањето на емитувањето на програмите што можат штетно да влијаат врз развојот на малолетните лица, телевизиските радиодифузери се должни да ги земат предвид следниве критериуми:

- природата на содржината што може да има штетно влијание врз малолетните лица;
- медиумската функција и жанрот на конкретната програма;
- бројот и возраста на малолетните лица што веројатно ќе ја следат програмата, имајќи ги предвид работните денови, викендите и празниците;
- веројатните очекувања на публиката во поглед на содржината на програмата во конкретно време од денот или во конкретен ден.

## IV.АКУСТИЧНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ И ВИЗУЕЛНИ ЗНАЦИ – ПРЕДУПРЕДУВАЧКА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Член 19

**Содржини во кои се аплицира предупредувачка сигнализација**

Предупредувачката сигнализација задолжително се аплицира пред почетокот и за време на емитувањето на програмите на телевизиските програмски сервиси и на соодветно место до програмите/видеата создадени од корисници достапни во каталозите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, и тоа:

- во сите видови играна програма, и
- во оние видови програми/видеа создадени од корисници со информативна, образовна или забавна функција кои, било како целина било преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица.

Аудиовизуелните медиумски услуги по барање треба да ги означат содржините од ставот 1 на овој член и за време на нивното прикажување, соодветно на техничките услови на платформите за споделување видеа/социјалните мрежи.

Член 20

**Начин на аплицирање на предупредувачката сигнализација**

Пред почетокот на телевизиските програми опфатени со член 19 од овој Правилник, задолжително се емитува предупредувачки сигнал што соодветствува на категоријата програма кој е комбинација од визуелен знак, текстуално, вербално и акустично предупредување, трае најмалку 10 секунди, и зафаќа најмалку 1/4 од видливиот дел од екранот.

Во текот на телевизиските програми опфатени со член 19 од овој Правилник, постојано се емитува само визуелниот знак од предупредувачкиот сигнал, кој се аплицира со димензии од 1/32 во агол од видливиот дел од екранот. Исклучок се визуелните знаци за телевизиските програми со постапки за хипнотизирање и со треперечка светлина, кои се аплицираат на екранот по секоја пауза за рекламирање.

Во каталозите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, на соодветно место до програмите/видеата опфатени со член 19 од овој Правилник, задолжително се аплицира само визуелниот знак што соодветствува на категоријата програма, а за време на нивното прикажување се означуваат со визуелен знак, вербално или на друг соодветен начин во зависност од техничките услови на платформите за споделување видеа/социјалните мрежи.

Соодветно предупредување треба да се прочита и пред почетокот на радиопрограма што, според програмскиот контекст и критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, е потенцијално штетна за малолетната публика.

Член 21

**Изглед и содржина на предупредувачката сигнализација**

Предупредувачката сигнализација што се аплицира пред, до или во текот на програмите од страна на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги, изгледа вака:

| **Визуелни знаци** | **Предупредувачки сигнали** |
|---|---|
|  | <br>**цела публика**<br>Програми од прва категорија наменети за целата публика. |
|  | <br>**родителски надзор**<br>Програми од втора категорија што не се препорачуваат за деца под 8 години. Неопходен е надзор од родител или старател. |
|  | <br>Програми од трета категорија што не се препорачуваат за деца под 12 години. Неопходен е надзор од родител или старател. |

| | |
|---|---|
|  |  Програми од четврта категорија што не се препорачуваат за деца под 16 години. Неопходен е надзор од родител или старател. |
|  |  Програми од петта категорија што не се соодветни за публика под 18 години. |
| Програма со постапки за хипнотизирање | **Предупредување:** Програмата содржи постапки за хипнотизирање |
| Програма со треперечка светлина | **Предупредување:** Програмата содржи треперечка светлина која може да им наштети на гледачите кои боледуваат од фотосензитивна епилепсија |

Член 22

**Објави за програмите**

Објавите (промотивните најави) за програмите на радиодифузерите не смеат да содржат описи, сцени и/или глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица.

Објавите од став 1 на овој член задолжително треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува.

Објавите за програмите од петтата категорија не смеат да се емитуваат пред 22:00 часот.

## V. СОДРЖИНИ ВО ВЕСТИТЕ И ИНФОРМАТИВНИТЕ ПРОГРАМИ

Член 23

**Уредничка проценка за неопходноста на деталите**

Кога вестите и информативните програми вклучуваат описи, сцени и/или глетки што можат штетно да влијаат врз малолетните лица, оправданоста на нивното прикажување

мора да се темели врз одговорна уредничка проценка за неопходноста на деталите во таквиот материјал.

Објавувањето прилози на телевизиските програмски сервиси што посредуваат описи, сцени и/или глетки на насилство, аудиовизуелен материјал што може да го навреди или да го понижи човековото достоинство, други прилози чија содржина може сериозно да го загрози физичкиот, психичкиот и/или моралниот развој на малолетните лица, мора да биде во временски периоди од програмската шема кога се очекува дека малолетниците не ја следат програмата.

Професионалната одговорност на новинарот подразбира и дека жртвите на насилство треба да се третираат со максимален респект, а поради заштита на човековото достоинство нивните тела не треба да се прикажуваат во кадри со крупен план, освен во исклучителни случаи кога е тоа неизбежно поради целовитоста на информативниот материјал.

При објавувањето описи, сцени и/или глетки кои се користат како судски доказ, медиумската одговорност го задолжува уредникот на програмата внимателно да процени дали е неопходно информативниот капацитет на таквиот материјал да се вклучи во целината на прикажаната програма.

Член 24

**Предупредувачки коментар**

Доколку прилозите или составните делови на прилозите во вестите и во информативните програми вклучуваат содржини што можат да ги вознемират малолетните лица, телевизиските радиодифузери се должни да ги најават со предупредувачки коментар од водителот.

Овој пристап, во ниту еден случај, не подразбира рестрикција на темите и на настаните за кои треба да се известува, меѓутоа емитувањето мора да биде проследено со новинарски и/или со стручен коментар кој ќе овозможи објективност на информативната перспектива.

Член 25

**Малолетници - сторители или жртви на кривични дела**

Доколку во вестите се известува за малолетни лица кои се сторители, сведоци, или жртви на сексуално насилство или на други кривични дела, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да бидат особено внимателни да не објавуваат описи, детали, слики или какви било информации што можат на директен или индиректен начин да укажат на нивниот идентитет.

## VI. ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

Член 26

**Технички мерки за заштита на малолетните лица**

Давателите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање се должни да обезбедат технички мерки со кои на малолетните лица ќе им се оневозможи пристап до содржините што можат да им наштетат.

Техничките мерки од ставот 1 на овој член можат да бидат:

- кодови за лична идентификација (ПИН кодови) со кои давателот на аудиовизуелната медиумска услуга по барање може да ја провери возраста на корисникот пред да му овозможи пристап до кодираните содржини категоризирани и означени согласно одредбите на овој Правилник;
- филтрирање на содржините категоризирани од давателот на аудиовизуелната медиумска услуга по барање и означени согласно одредбите на овој Правилник;
- примена на независни системи за филтрирање кои ја анализираат програмата, ја препознаваат и ја исклучуваат штетната содржина врз основа на категории што ги дефинира родителот/старателот;
- примена на други софтвери со кои на родителите/старателите им се овозможува да го блокираат пристапот на малолетниците до содржините што можат да им наштетат.

Член 27

**Промотивни најави за содржините**

Промотивните најави за содржините на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање не смеат да содржат описи, сцени и/или глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица.

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да ги означат промотивните најави за содржините што можат штетно да влијаат врз развојот на малолетните лица со визуелен знак, вербално или на друг соодветен начин во зависност од техничките услови на платформите за споделување видеа/социјалните мрежи.

Информациите за петтата категорија програми/видеа можат да се презентираат само како дел од услуга која е достапна за плаќање, без оглед дали се работи за услуга со претплата или со плаќање по секое поединечно гледање.

## VII. Завршни одредби

Член 28

(член 28 од Правилникот за заштита на малолетните лица „Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14)

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/07).

Член 29

(член 29 од Правилникот за заштита на малолетните лица „Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14)

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање треба да го усогласат своето работење со одредбите на овој Правилник во рок од 2 (два) месеца од денот на неговото влегување во сила.

Член 30
(член 30 од Правилникот за заштита на малолетните лица
„Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14)

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Член 31
(член 18 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица
„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/24)

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на РМ“ бр.172/14), влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија, а истиот ќе се објави и на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**